Врз основа на член 67 став (1) точка 2. потточка 2.2., а во врска со член 146 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 јуни 2026 година донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје

1. Со оваа одлука се одобрува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

2. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје, Правилникот од точка 1 на оваа одлука да го објави во “Службен весник на Република Северна Македонија“ и на неговата веб страницата.

3. Оваа одлука се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува, правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Регулаторната комисија за енергетика на 30 април 2026 година донесе Одлука за одобрување на Правилник за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје, бр. 12-655/4 од 30 април 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 92/26).

Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), со допис бр. 09-3496 од 8 јуни 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-912/1 од 8 јуни 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика достави на одобрување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје заедно со Одлука на Управниот одбор бр. 02-3495/4 од 8 јуни 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика достави свои забелешки на предложените измени и дополнувања по што АД МЕПСО Скопје со допис бр.09-9531 од 9 јуни 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-912/2 од 10 јуни 2026 година достави текст на Правилникот со имплементирани забелешки и Одлука на Управниот одбор бр. 02-3530/5 од 9 јуни 2026 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-912/4**
**10 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

Прилог:

- Правилник за изменување и дополнување на Правилник за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје